РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-179/2
26-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1, а во врска со член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 -та седница, прво продолжение, одржана на ден 19.02.2021 година, ДКСК донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје, бидејќи не се потврдени наводите јавно изнесени во медиумите на Република Северна Македонија, во врска тоа дека истиот, како градоначалник на Град Скопје исплаќал консултации за правни работи на Адвокатското друштво „Шилегов и партнери" каде како сопственик се јавува Петре Шилегов, по што сам на себе си исплаќал по 50.000 денари месечно.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот со број 09-4349/1 од 22.12.2019 година.

Предметот со број 09-4349/1 од 22.12.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-4349/1 од 22.12.2019 година е оформен поради сомневање за постоење на судир на интереси, по што Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 76 став 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по службена должност поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси во врска со тоа дека градоначалникот на Град Скопје исплаќал консултации за правни работи на Адвокатското друштво „Шилегов и партнери" каде како сопственик се јавува Петре Шилегов, по што сам на себе си исплаќал по 50.000 денари месечно.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Град Скопје за достава на синтетичка картица 220 во врска со обврските кон добавувачите за 2020 година.

После доставената документација од страна на Град Скопје, Државната комисија утврди дека во 2020 година не се исплаќани парични средства кон Адвокатското друштво „Шилегов и партнери".

На седницата одржана на ден 19.02.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во конкретниот случај не постои состојба на судир на интереси

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З, советник